# ПРАВИЛА

за учество на натпревари во ЖСГ и МСГ

Согласно одлуката на Техничкиот комитет и одлуката на Извршниот одбор на ФГСМ со кои ќе се одржат следните натпревари :

- Прв државен натпревар во Б програма
- Прв државен натпревар во А програма
- Втор државен натпревар во А програма
- Завршен натпревар во Б програма
- Завршен натпревар во А програма

Право на настап на натпреварите во ЖСГ и МСГ имаат следните категории и возрасти на натпреварувачи :

| Женска спортска гимнастика | |
|---|---|
| А програма | |
| категорија | возраст |
| помлади пионерки | 2005 и помали |
| постари пионерки | 2002 - 2004 |
| јуниорки | 1999 - 2001 |
| сениорки | 1998 и постари |
| Б програма | |
| категорија | возраст |
| помлади пионерки | 2005 и помали |
| постари пионерки | 2002 - 2004 |
| јуниорки | 1999 - 2001 |
| сениорки | 1998 и постари |

| Машка спортска гимнастика | |
|---|---|
| А програма | |
| категорија | возраст |
| помлади пионери | 2005 и помали |
| постари пионери | 2003 - 2004 |
| млади јуниори | 2000 - 2002 |
| јуниори | 1996 - 1999 |
| сениори | 1997 и постари |
| Б програма | |
| категорија | возраст |
| помлади пионери | 2005 и помали |
| постари пионери | 2003 - 2004 |
| јуниори | 1999 - 2002 |
| сениори | 1998 и постари |

Еден гимнастички клуб може да учествува со една или повеќе екипи и поединци .

| А програма | | Б програма | |
|---|---|---|---|
| помлади пионери -ки | 6 натпреварувачи | помлади пионери -ки | 6 натпреварувачи |
| постари пионери -ки | 5 натпреварувачи | постари пионери -ки | 5 натпреварувачи |
| млади јуниори | 3 натпреварувачи | јуниори и јуниорки | 3 натпреварувачи |
| јуниори и јуниорки | 3 натпреварувачи | сениори и сениорки | 3 натпреварувачи |
| сениори и сениорки | 3 натпреварувачи | | |

# ПРАВИЛА

за учество на натпревари во ЖСГ и МСГ

Сите натпреварувачи треба да бидат регистрирани во ФГСМ согласно правилникот за регистрација на друштвата и членовите на ФГСМ .
Секоја екипа или поединец треба да достави писмена пријава најмалку 10 дена пред оддржување на натпреварот до канцеларијата на :

**ФЕДЕРАЦИЈА НА ГИМНАСТИЧКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Партизанска бр.25 тел/фах : + 38947223299
7000 Битола е-маил : contact.fgsm.bt@gmail.com

**На екипите или поединците кои нема навремено да се пријават , нема да им биде дозволено да настапат на натпреварот .**

Сите натпреварувачи мора да бидат прегледани од лекар - специјалист по спортска медицина , специјалист по интерна медицина или специјалист по општа медицина .
Лекарските уверенија се даваат на увид на приемната комисија , непосредно пред почеток на натпреварот .
**На натпреварувачите кои немаат лекарска документација за способноста да се натпреваруваат , нема да им биде дозволено да настапат на натпреварот .**

Натпреварувачите треба да бидат соодветно облечени ( трикоа за женски и шорц и маички за машките натпреварувачи ) во текот на настапот , како и за време на прогласувањето .

Федерацијата ќе ги делегира главните судии по справи , а должност на секој клуб е да пријави по најмалку еден судија и за истиот да ги сноси трошоците .
Доколку клубот нема судија , треба да се обрати до комесарот за судиски прашања кој за сметка на клубот ќе обезбеди судија од друго друштво , а трошоците за негово ангажирање ќе бидат на сметка на клубот што нема судија .

Техничкиот комитет го задржува правото да го зголеми или намали бројот на натпреварувачи во зависност од квалитетот на натпреварувачите на натпреварот .
Секој клуб има право навремено да достави барање до ТК доколку натпреварувачот од оправдани причини не може да настапи на првиот натпревар .
По основ на тоа , ТК донесува одлука дали на натпреварувачот ќе му се дозволи да се натпреварува на следниот натпревар .
Натпреварите во А и Б програма , се екипни и поединечни .

Напомена :
Гимнастичар кој застанал на справа , го отпоздравил судијата и за својот настап освоил 0 бодови , се смета настапил на натпреварот , со напомена дека во екипен пласман , неговите резултати ќе се земат во предвид само ако остварил позитивен резултат на 3 справи во МСГ , односно 2 справи во ЖСГ .